Врз основа на член 169 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 136/2007, 130/08, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 24/2012, 15/13, 148/13, 28/14,43/2014, 130/2014, 180/14, 78/2015, 192/2015, 27/2016. 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Министерот за правда донесе

# О Д Л У К А

## за поништување на постапката за јавна набавка на услуга – одржување и сервисирање на службени возила во сопственост на Министерство за правда

1. Министерство за правда согласно планот за јавни набавки објави тендер за набавка на услуга – одржување и сервисирање на службени возила во сопственост на Министерство за правда. Имено Министерство за правда согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за Јавни Набавки „не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда", врши поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка во сите три лотови.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за правда согласно планот за јавни набавки и обезбедените финансиски средства на ден 07.02.2019 година објави оглас број 05/2019 за набавка на услуга – одржување и сервисирање на службени возила во сопственост на Министерство за правда. До Министерство за правда беа доставени понуди од страна на двајца економски оператори односно за секој лот по две понуди.

При евалуацијата на Лот 1 од наведената постапка е констатирано дека и двете понуди се неприфатливи, поради тоа што немаа доставено соодветна документација и не ги исполнуваат критериумите кои беа побарани со тендерската документација.

При евалуацијата на Лот 2 од наведената постапка е констатирано дека и двете понуди се прифатливи, и со истите се продолжи понатаму со постапката. По спроведената електронска аукција цената на понудата која беше најниско понудена цена беше драстично поголема од проценетата вредност на наведениот лот.

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2019.03.01
15:14:37 CET

При евалуацијата на Лот 3 од наведената постапка е констатирано дека и двете понуди се неприфатливи, поради тоа што немаа доставено соодветна документација и не ги исполнуваа критериумите кои беа побарани со тендерската документација.

Од погоре наведените причини за секој Лот поодделно Комисијата за јавни набавки согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за Јавни Набавки, предлага да се изврши поништување на сите три лота односно предложи поништување на целата постапка.

Одлучено во Министерството за правда под број 05-1023/9 на 01. 03. 2019 2019 година.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 05-1023/8- од 01.03.2019 година
Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение